**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

# Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија за 2022 година

Резултати од спроведеното истражување

Јануари, 2022 година

Согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2021 година, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) спроведе Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија.

Целта на анкетното истражување е да се обезбедат одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Податоците добиени од работодавачите од приватниот сектор кои имаат 7 и повеќе вработени се насочени кон добивање на информации за:

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци;
- потребите од занимања на планираните нови вработувања и
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработува

Резултатите добиени од анкетното истражување претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за вработување, кои имаат за цел да ги подигнат вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и да придонесат во создавање на услови за подобро функционирање на истиот, преку вкрстување на понудата и побарувачката од соодветно квалификувана работна сила. Резултатите од истражувањето се користат и во образовниот систем при конципирање на уписните политики и при креирање на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.

Методологијата за анкетното истражување за потребата од вештини на пазарот на трудот е развиена во рамки на европски проект и ова истражување Агенцијата за вработување го спроведува еднаш годишно како дел од своите редовни активности.

Анкетата базира на примерок од работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратифициран според регион и сектор на дејност на работодавачот. Во примерокот се вклучени сите средни и големи работодавачи, а останатите се бираат по случаен избор до исполнување на планираниот опфат. Анкетирањето се спроведе според методот на телефонска и електронска форма на анкетирање, врз основа на однапред подготвен прашалник.

Анкетното истражување се оценува како „успешно“ доколку со анкетата бидат опфатени повеќе од 70% од вкупниот број на работодавачи во примерокот.

Анкетирањето го спроведуваат вработените во Агенцијата за вработување, а во Центарот за вработување на Град Скопје и осум други поголеми центри за вработување се ангажираат и лица од евиденцијата на невработени, при што истите имаат можност да се стекнат со вештини за спроведување на анкети.

При стратифицирање на примерокот и анализа на резултатите од спроведеното истражување се применуваат следните класификации/номенклатури: Национална класификација на дејностите - НКД Рев 2 и Рев 1, Национална класификација на занимањата-НКЗ 2015, усогласена со Меѓународната класификација на занимања ISCO-08 и Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС, 2013.

Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот спроведена во месец октомври-ноември 2021 година базира на примерок од 3214 работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, раслоен по дејности во рамки на осумте региони во Република Северна Македонија.

Опфатот на анкетното истражување во 2021 година е 81,7% или 2627 анкетирани работодавачи и од овој аспект истражувањето на национално ниво може да се оцени како успешно.

Според големината, од 2627 анкетираните работодавачи, 1897 или 72,2% се мали работодавачи (со број на вработени од 7-49), 629 или 24% се средни работодавачи (со број на вработени од 50-249) и 101 (3,8%) се големи работодавачи (со 250 и повеќе вработени). Нивното учество во вкупниот број вработени во анкетираните фирми респективно изнесува: 20,1%, 38,6% и 41,3%.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека на национално ниво од вкупно 8447 работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, со анкетата опфатени се 31,1% од работодавачите. Кај анкетираните работодавачи вработени се 165307 лица или 57,8% од вкупниот број на вработени кај работодавачите од приватниот сектор со седум и повеќе вработени.

| Дејност | Дејнст | Опфат на анкетното истражување на национално ниво | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на работодавачи од приватен сектор со 7 и повеќе вработени | Број на анкетирани работодавачи | Број на вработени кај работодавачи од приватен сектор со 7 и повеќе вработени | Број на вработени кај анкетираните работодавачи | % на работодавачи опфатени со анкета | % на вработени опфатени со анкета |
| | **В К У П Н О** | **8447** | **2627** | **285921** | **165307** | **31.1** | **57.8** |
| А | Земјоделство, лов и шумарство и рибарство | 153 | 45 | 5502 | 3436 | 29.4 | 62.5 |
| Б | Рударство и вадење на камен | 73 | 18 | 4146 | 1453 | 24.7 | 35.0 |
| В | Преработувачка индустрија | 1764 | 753 | 99593 | 73642 | 42.7 | 73.9 |
| Г | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 23 | 4 | 2262 | 379 | 17.4 | 16.8 |
| Д | Снабдување со вода, отстранување на отпадни водди,управување со отпад и дејности за санација на околината | 35 | 7 | 906 | 339 | 20.0 | 37.4 |
| Ѓ | Градежништво | 843 | 258 | 20032 | 10209 | 30.6 | 51.0 |
| Е | Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 2236 | 651 | 59965 | 29610 | 29.1 | 49.4 |
| Ж | Транспорт и складирање | 774 | 190 | 15622 | 6915 | 24.5 | 44.3 |
| З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 732 | 207 | 12788 | 5287 | 28.3 | 41.3 |
| Ѕ | Информации и комуникации | 409 | 100 | 14182 | 6198 | 24.4 | 43.7 |
| И | Финансиска дејност и дејности за осигурување | 84 | 39 | 9223 | 5189 | 46.4 | 56.3 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 42 | 9 | 1169 | 592 | 21.4 | 50.6 |
| К | Стручни, научни и технички дејности | 527 | 110 | 8930 | 2734 | 20.9 | 30.6 |
| Л | Административни и помошни услужни дејности | 219 | 54 | 12559 | 7786 | 24.7 | 62.0 |
| М | Образование | 111 | 35 | 2672 | 1433 | 31.5 | 53.6 |
| Н | Дејности на здравствена и социјална заштита | 296 | 109 | 6826 | 2698 | 36.8 | 39.5 |
| Њ | Уметност, забава и рекреација | 67 | 22 | 7883 | 6284 | 32.8 | 79.7 |
| О | Други услужни дејности | 59 | 16 | 1661 | 1123 | 27.1 | 67.6 |

Анализирано според дејности, опфатот со анкетата е различен. Во финансиската дејност и дејности на осигурување и во преработувачката индустрија, опфатот со анкетата е најголем и изнесува 46,4%, односно 42,7% од вкупниот број на работодавачи регистрирани во овие дејности.

Релативно голем опфат со анкетата има и во дејноста на здравствена и социјална заштита, потоа во дејноста уметност, забава и рекреација, дејноста образование и дејноста градежништво каде опфатот соодветно изнесува 36,8%, 32,8%, 31,5% односно 30,6% од вкупниот број на работодавачи регистрирани во овие дејности.

Најмал опфат се забележува во дејноста снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација каде опфатот со анкетата изнесува 17,4% од вкупниот број на работодавачи регистрирани во оваа дејност.

Во однос на бројот на вработени, најголем опфат има во дејноста уметност, забава и рекреација од 79,7%, а со релативно голем опфат во однос на бројот на вработени се издвојуваат и

преработувачката индустрија и други услужни дејности, каде опфатот соодветно изнесува 73,9%, односно 67,6% од вкупниот број на вработени кај работодавачите во овие дејности.

Набљудувано по региони, во Скопскиот регион анкетирани се 922 работодавачи или 35,1% од вкупно анкетираните работодавачи, во Источниот регион 365 работодавачи или 13,9%, во Југоисточниот регион 306 работодавачи или 11,6%, во Пелагонискиот регион 253 работодавачи или 9,6%, во Североисточниот регион 222 работодавачи или 8,5% од вкупно анкетираните, во Полошки регион 182 работодавачи или 6,9%, во Вардарски регион 197 работодавачи или 7,5% и во Југозападен регион 180 работодавач или 6,9% од вкупно анкетираните работодавачи.

Анкетното истражување помеѓу работодавачите и во 2021 година се спроведе во услови на социо-економската криза предизвикана од пандемијата со Ковид-19 вирусот која започна на почетокот на март 2020 година и предизвика нарушување на стабилното економско опкружување и поволните услови на пазарот на труд.

Рестриктивните мерки за намалување на ширењето на вирусот, како полициски час, карантин, забрана за работа на угостителскиот сектор, рестрикции во работењето на другите сектори, забрана за патување и слично, во нашата земја предизвикаа пад на економската активност и нарушено функционирањето на пазарот на труд.

На прашањето дали и како се рефлектираше Ковид-19 кризата на работењето на анкетираните работодавачи, односно како кризата влијаеше на остварените приходи од побарувачката на нивните производи/услуги, 40% од анкетираните работодавачи одговориле дека имаат умерено намалување на приходите (од 20 до 50%), незначително намалување на приходите имало кај 39,4% од анкеираните работодавачи, а значително намалување на приходите (над 50% намалување) забележале 20,6% од анкетираните работодавачи.

Од аспект на идентификувањето на идните потреби од нови вработувања и на потребите од вештини, значајно е да се имаат предвид досегашните и очекуваните промени во развојот кај работодавачите. Во таа смисла, релевантни сознанија даваат одговорите на прашањето за промените во побарувачката на производите/услугите кај анкетирните работодавачи.

Во изминатиот период од шест месеци пред анкетирањето, најголемиот дел од работодавачите (46,9%) се изјасниле дека имале намалена економска активност, 42,9% од работодавачите одржале константност во понудата, односно побараувачката на своите производи, а мал број од анкетираните работодавачи (10,2%) имале зголемена економска активност, односно зголемена побарувачка на производите/услугите.

Во наредниот период од шест месеци од анкетирањето, односно во првата половина од 2022 година, 57,6% од анкетираните работодавачи очекуваат константна побарувачка на производите/услугите. Намалување на економската активност очекуваат 28,1% од анкетираните работодавачи, а 14,3% од работодавачите очекуваат дека ќе дојде до зголемување на нивната економска активност, односно зголемување на побарувачката на нивните производи/услуги.

Сепак неизвесноста околу траењето на кризата предизвикана од Ковид 19 вирусот, но и енергетската криза, имаат значително влијание врз можноста работодавачите да ги предвидат своите активности во наредниот период од 6-12 месеци. Најголемиот број од анкетираните работодавачи (57,2%) се изјасниле дека очекуваат констана побарувачка на нивните прозизводи и услуги, 22,2% од работодавачите предвидуваат намалување на економската активност, а 20,6% од анкетираните работодавачи предвидуваат дека ќе дојде до подобрување на нивната економска активност, односно зголемување на побарувачката на производите /услугите.

Во насока на ублажување на последиците од социо-економската криза предизвикана од пандемијата со вирусот Ковид-19, Владата на РСМ, дизајнираше мерки во шест последователни економски пакети, кои имаа за цел да спречат затворање на работни места и да ги ублажат загубите на доход меѓу најранливите граѓани.

Одтука и невработеноста во период на Ковид-19 кризата не забележа значително зголемување, бидејќи реакцијата на работодавачите беше главно во насока на платени отсуства од работа и намалување на обемот на работните часови, а работата од дома беше искористена како опција во дејностите со таква можност.

На прашањето дали работодавачите користеле некои од економските мерки за справување со кризата предизвикана од Ковид-19 вирусот, 44,3% од анкетираните работодавачи се изјасниле позитивно.
Анализирано според дејност, економските мерки на Валадата најмногу ги користеле работодавачите од дејноста: објекти за сместување и сервисни дејности со храна, транспорт и складирање, преработувачката дејност и работодавачите од дејноста уметност, забава и рекреација.

Во однос на тоа какви активности превземале самите работодавачи во насока на зачувување на работните места во услови на Ковид-19 кризата, анкетното истражување покажува дека релативно голем дел од работодавачите направиле измени во пристапот до клиентите (на пример се префрлиле на онлајн продажба). Во услови на намален обем на работа, а со цел да се спречи затварање на работни места, повеќето работодавачи пристапиле кон намалување на работните часови, односно намалување на работното време и воведување на работа во смени. Таму каде што работата го дозволува тоа, работодавачите преминале на поинаков начин на работење, однос работа од дома, а во насока на одржување на бизнисите, дел од работодавачите направиле и промена во производството/понудата на производи, односно се насочиле на производство на производи кои повеќе се барани на пазарот во услови на Ковид-19 кризата.

Секторската анализа покажува дека во една од најпогодените дејности од кризата, објекти за сместување и сервисни дејности со храна, во насока на зачувување на работните места, работодавачите пристапиле кон намалување на работното време, работа во смени и промена на пристапот до клиенти. Во дејноста трговија на големо и трговија на мало, најголем дел од работодавачите пристапиле кон промена на пристапот до клиенти, во преработувачката дејност голем број работодавачите се изјасниле дека во насока на одржување на бизнисот направиле промена во производството/понудата на производи, односно се насочиле кон производство на производи кои се повеќе барани на пазарот. Карактеристично за работодавачите од дејноста информации и комуникации и дејноста стручни научни и технички дејности, е што во услови на криза предизвикана од вирусот Ковид -19, а со цел зачувување на работните места, таму каде што извршувањето на работните задачи дозволува, пристапиле кон работа од дома.

Во моментот на анкетирање кај 2627 анкетирани работодавачи, вработени се 165307 лица, од кои 86499 од вработени или 52,3% се мажи, а 78808 од вработените или 47,7% се жени.
Дејноста на здравствена и социјална заштита, финансиската дејност и дејности за осигурување, дејноста уметност, забава и рекреација, се дејности каде женската работна сила е значително повеќе застапена и соодветно изнесува 71,9%, 64,8% односно 63,7% од вкупниот број на вработени во наведените дејности.
Дејноста градежништво, рударство и вадење на камен, како и дејноста транспорт и складирање, се издвојуваат како дејности во кои машката работна сила е значително повеќе застапена во вкупниот број на вработени во овие дејности и нејзиното учество соодветно изнесува 87,1%, 81,7% и 76,0%.

Во однос на возрасната структура, од вкупниот број на вработени лица кај анкетираните работодавачи, 34235 лица (20,7%) се на возраст до 29 години, 108868 лица (65,9%) се на возраст од 30 до 54 години и 22204 вработени лица (13,4) се на возраст со 55 и повеќе години.

Работодавачите и во услови на Ковид-19 кризата постојано имале потреба од работници, а тоа го покажуваат и податоците од анкетата. Во последните 12 месеци, 932 работодавачи, односно 35,5% од анкетираните работодавачи, реализирале 14034 вработувања и тоа најмногу во преработувачката индустрија, трговијата на големо и трговијата на мало и во дејноста градежништво.

Во однос на големината на работодавачот, најголем број од вработувањата се реализирале кај големите работодавачи (47%) и кај средните по големина работодавачи (36,6%).

Во однос на очекуваните вработувања во нареден период од 12 месеци (од спроведување на анкетата), имајќи ја во предвид кризата предизвикана од Ковид-19 вирусот и неизвесноста околу нејзиното времетраење, но и енергетската криза, работодавачите се резервирани во своите одговори.

На национално ниво, кај 1281 работодавачи или 48,7% од анкетираните, во нареден период од 12 месеци, се очекуваат да се реализираат 11476 вработувања на лица од различни занимања и степен на потребно знаење.

*Според големината на работодавачот*, од вкупно 11476 вработувања, кај малите работодавачи се очекуваат да се реализираат 3015 вработувања или 26,3%, кај средните по големина работодавачи се очекуваат 4341 вработувања или 37,8% и кај големите работодавачи се очекуваат да се реализираат 4120 вработувања или 35,9% од вкупниот број на очекувани вработувања во наредните 12 месеци.

*Анализирано според дејност*, најголем број вработувања се очекуваат во преработувачката индустрија, 4534 или 39,5% од вкупно планираните вработувања, потоа во трговијата на големо и трговијата на мало, каде се очекуваат 2371 вработувања или 20,6%, потоа во дејноста градежништвото каде работодавачите од оваа дејност планираат 792 вработувања или 6,9%, од вкупно очекуваните вработувања, во административни и помошни услужни дејности 572 вработувања или 5% од очекуваните, во дејноста информации и комуникации каде се очекуваат 564 вработувања или 5% од вкупно очекуваните вработувања. Во останатите дејности се очекуваат помал број на вработувања.

*Анализирано според дејност и соодветен степен на потребно знаење, во преработувачката индустрија* каде се очекуваат и најголем број вработувања, најголема ќе биде потребата за кадар со основно образование и со програми на средно образование, каде потребата за овој кадар соодветно изнесува 44,9%, односно 44% од очекуваните вработувања во оваа дејност. Во дејноста трговија на големо и трговија на мало и во дејноста градежништво, најголема ќе биде потребата за работници со програми на средно образование, 51,7% односно 59% од планираните вработувања во овие дејности.

Најмногу потреба од вработувања на лица со стекнати знаења од програмите на додипломско и постдипломско универзитетско образование, ќе имаат работодавачите во дејноста информации и комуникации, дејноста образование, финансиската дејност и дејности за осигурување, стручни научни и технички дејности, како и во дејности на здравствена и социјална заштита.

*Според степенот на потребно знаење (образование)*[1], од вкупно 11476 очекувани вработувања, 3511 (30,6%) ќе бидат за лица со завршено основно образование, 5273 вработувања (45,9%) ќе бидат за лица со програми на средно образование, 1285 вработувања (11,2%) се очекуваат за лица со програми на средно и вишо образование, вклучувајќи и универзитетско и 1407 вработувања (12,3%) се очекуваат да бидат за лица со програми на додипломско и постдипломско универзитетско образование.

---

[1] Според Национална класификација на занимањата –НКЗ (ISCO 08)

| Дејност | Број на работодавачи кои искажале потреба од работници | Очекувани вработувања | Степен на потребно знаење (образование) според НКЗ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Основно | Средно | Средно и вишо | Високо |
| **Вкупно** | **1281** | **11476** | **3511** | **5273** | **1285** | **1407** |
| Земјоделство, лов и шумарство и рибарство | 24 | 268 | 123 | 135 | 3 | 7 |
| Рударство и вадење на камен | 9 | 70 | 21 | 33 | 10 | 6 |
| Преработувачка индустрија | 404 | 4534 | 2038 | 1812 | 350 | 334 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 1 | 4 | | | | 4 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води,управување со отпад и дејности за санација на околината | 4 | 14 | 3 | 8 | | 3 |
| Градежништво | 125 | 792 | 164 | 467 | 64 | 97 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 274 | 2371 | 883 | 1226 | 151 | 111 |
| Транспорт и складирање | 99 | 451 | 22 | 397 | 25 | 7 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 92 | 461 | 48 | 395 | 17 | 1 |
| Информации и комуникации | 60 | 564 | | 15 | 31 | 518 |
| Финансиска дејност и дејности за осигурување | 30 | 298 | | 41 | 120 | 137 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 3 | 30 | 27 | 3 | | |
| Стручни, научни и технички дејности | 35 | 115 | 10 | 44 | 9 | 52 |
| Административни и помошни услужни дејности | 30 | 572 | 117 | 240 | 210 | 5 |
| Образование | 15 | 62 | 3 | 6 | 15 | 38 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 55 | 182 | 22 | 28 | 66 | 66 |
| Уметност, забава и рекреација | 15 | 529 | 27 | 287 | 214 | 1 |
| Други услужни дејности | 6 | 159 | 3 | 136 | | 20 |

Во однос на занимањето, а имајќи го во предвид степенот на потребно знаење (образование)[2], приоритет при новите вработувања во наредните 12 месеци ќе имаат лицата со следните занимања:

*Со завршено високо образование* (програми на додипломско и постдипломско универзитетско образование*):* информатичар, програмер, машински инженер, градежен инженер, електроинженер-конструктор, економист, фармацевтски технолог, фармацевт, економист-консултант, економист-аналитичар, доктор по медицина, архитек, правник, тестирач на софтвер, инженер по информациски технологии, развивач на софтвер, сметководител, маркетинг агент, софтверски обучувач и др.

*Со средно и вишо образование (програми на средно и вишо образование вклучувајќи и универзитетско):* администратор, техничар-оператор, систем-оператор, фармацевтски техничар, електротехничар, референт за продажба, оператор за машинско одржување, медицинска сестра, комерцијалист, компјутерски техничар, машински техничар, градежен техничар, техничар електроничар и др.

*Со средно образование (програми на средно образование)*: продавач, шивач, шивач на текстил, келнер, возач на товарно возило, возач на камион, обезбедувач (зштита на имот и лица), заварувач, готвач, бравар, градежен работник, економски техничар, оператор за производство на инсталации,

[2] Според Национална класификација на занимањата –НКЗ (ISCO 08)

оператор за внес на ГИС податоци, угостителски работник, возач на такси, возач на автобус, месар, пекар, електричар за одржување, шанкер, столар, чевлар, ракувач со градежни машини, составувач на акумулатори, ѕидар мајстор, продавач преку телефон и др.

*Со завршено основно образование (завршено основно образование):* општ работник, работник за едноставни работи на производствена линија, хигиеничар на станбен и деловен простор, рачен пакувач, обиколувач-дистрибутер во малопродажба, хигиеничар на производствени - работни простории, земјоделски работник, градинарски работник, тесарски работник, собарки, помошник во кујна, ѕидарски работник, рударски работник, работник за едноставни работи во дрвопреработувачки работи и други.

При вработување на работници за одредени занимања работодавачите ја нагласуваат потребата од кадар со работно искуство.

Во однос на потребата од дополнителни знаења и вештини кои треба да ги поседуваат кандидатите за вработување, особено при вработување на кадар со високо образование, работодавачите ја нагласиле потребата од познавање на странски јазици, одлично познавање на работа со компјутери и поседување на соодветен сертификат за стекнатите знаења. Исто така одредени работодавачи посебно ја нагласиле потребата од дополнителни знаења и стекнати сертификати за напредни ИТ вештини и познавање на програмски јазици: Javascript, C++, PHP, ASP.Net, Auto Cad, MCIPT Administrator, .Net, HTML, Structured Query Language (SQL) и др.

Меѓу другите вештини се нагласува и потребата од поседување на комуникациски вештини, вреден, исполнителен, одговорност, доверливост, тимска работа, вештина за внес и читање на податоци, флексибилност, вештини за продажба и маркетинг, вештини за менаџирање.

Набљудувано по региони, побарувачката на работна сила е различна. Во наредниот период од 12 месеци, кај работодавачите со седиште во Скопскиот регион се очекуваат да се реализираат 3739 (32,6%) вработувања, во Пелагонискиот регион 2808 (24,5%), во Источниот регион 1474 (12,8%) вработувања, Вардарскиот регион 1213 (10,6%), во Југоисточниот регион 885 (7,7%) вработувања, во Југозападниот регион 596 (5,2%) вработувања, во Североисточниот регион 481 (4,2%) и кај работодавачите со седиште во Полошкиот регион се очекуваат да се реализираат 280 (2,4%) вработувања.

Регионално набљудувано приоритет при новите вработувања ќе имаат лицата со следните занимања и соодветен степен на потребно знаење (образование):

Скопски регион: информатичар, програмер, машински инженер, електроинженер-конструктор, градежен инженер, фармацевтски технолог, економист (консултант, аналитичар), фармацевт, тестирач на софтвер, инженер по информатички технологии, систем-оператор, фармацевтски техничар, техничар-оператор, администратор, медицинска сестра, комерцијалист, електротехничар, продавач, готвач, магационер, градежен работник, обезбедувач (заштита на имот и лица), угостителски работник, келнер, бравар, возач на товарно возило, електричар за одржување, бравар, шивач, месар, општ работник, хигиеничар на станбен и деловен простор, работник за едноставни работи на производствена линија и др.

Пелагониски регион: програмер, информатичар, архитект, фармацевт во малопродажба, машински инженер, економист, администратор, оператор за машинско одржување, техничар-оператор, компјутерски техничар, референт за продажба, техничар електроничар, шивач, заварувач, обезбедувач(заштита на лица), возач на товарно возило, возач на камион, бравар, келнер, магационер,

готвач, продавач, возач на автобус, армирач, шанкер, пекар, фасадер, општ работник, работник за едноставни работи на производствена линија, пеглач на алишта и др.

Источен регион: машински инженер, дизајнер на текстил и облека, доктор по општа медицина, сметководител, градежен инженер-проектант, инженер-технолог за текстил, техничар-оператор, комерцијалист, раководител за изработка на машини за изработка на дрвени производи, референт за продажба, шивач, шивач на текстил, економски техничар, составувач на акумулатори, расадничар, продавач, возач на товарно возило, бравар, тапетар, столар, заварувач, градежен работник, готвач, келнер, металостругар, работник за едноставни работи на производствена линија, општ работник, работник на едноставни графички работи, обиколувач, дистрибутер (малопродаќба)работник на едноставни дрвопреработувачки работи, земјоделски работник и др.

Вардарски регион: машински инженер, софтверски обучувач, фармацевт, градежен инженер, електроинженер-конструктор, електротехничар, комерцијалист, машински техничар, медицинска сестра, администратор, шивач, оператор за производство на инсталации, продавач, возач на товарно возило, бравар, заварувач, магационер, келнер, електричар за одржување, возач на камион, оператор на полуавтоматска машина, општ работник, градинарски работник, рачен пакувач, лозарски работник, земјоделски работник, работник за едноставни работи на производствена линија и др.

Југоисточен регион: градежен инженер, доктор по општа медицина, фармацевт, нженер за компјутерски науки, инженер геолог, програмер, комерцијалист, електротехничар, медицинска сестра, градежен техничар, машински техничар, главен готвач, возач на товарно возило, градежен работник, келнер, шивач, продавач, касиер, шивач на текстил, преработувач на овошје и зеленчук, бравар, готвач, тесар, крупие, благајник, возач на камион, возач на шлепер, општ работник, обиколувач, дистрибутер (малопродажба), земјоделски работник, рачен пакувач, и други.

Југозападен регион: развивач на софтвер, машински инженер, градежен инженер, погонски електроинженер, информатичар, машински техничар, електротехничар, градежен техничар, фармацевтски техничар, продавач, оператор за внес на ГИС податоци, обезбедувач (заштита на имот и лица), келнер, продавач преку телефон, готвач, возач на камион, алатничар, шивач, пекар, градежен работник, ракувач со градежни машини, општ работник, ѕидарски работник, собарки и др.

Североисточен регион: економист, доктор по општа медицина, фармацевтски техничар, градежен техничар, контролор на квалитет, администратор, медицинска сестра, шивач, продавач, чевлар, ракувач со градежни машини, келенр,ѕидар мајстор, возач на автобус, готвач, шивач на текстил, возач на такси, возач на камион, месар, тесар, кројач на горни делови на обувки, ѕидар, пекар, заваравуч, тапетар слаткар, општ работник и други.

Полошки регион: програмер, архитект, програмер, доктор по стоматологија, машински инженер, администратор, медицинска сестра, комерцијалист, заботехничар, продавач, магационер, обезбедувач (заштита на имот и лица)ракувач со машина за производство на бисквитеи, готвач, монтер на телекомуникациски уреди, бравар, столар, возач на такси, возач на авробус, општ работник, хигиеничар на станбен и деловен простор, и др.

Резултатите од анкетата покажуваат дека дел од анкетираните работодавачи, во изминатиот период од 6 месеци пред анкетирањето, се соочиле со одредени потешкотии при обезбедување на соодветен кадар за пополнување на слободните работни места за следните занимања: програмер, машински инженер, фармацевт, сметководител, доктори по медицина, градежен инженер, машински техничар, електротехничар, градежен техничар, келнер, готвач, шивач, продавач, бравар, градежен

работник, ракувач со градежни машини, возач на товарно возило, возач на камион, возач на автобус, пекар, заварувач, чевлар, електричар за одржување и др.

Како најчести причини со кои работодавачите се соочиле со потешкотии при обезбедување на кадар од горенаведените занимања, ги навеле:

- недостаток на кандидати кои поседуваат практични знаења и вештини потребни за извршување на работните задачи во конкретното занимање;
- недостаток на интерес и мотивација на кандидатите за извршување на работните задачи во конкретно занимање;
- недостаток на кандидати за вработување со соодветно работно искуство;
- недостаток на кандидати со соодветно образование
- недостаток на кандидати кои би прифатиле работа за понудената плата;

Човечките ресурси и вложување во унапредување на нивните знаења и вештини, се најважни за краткорочниот и долгорочниот успех во работењето на работодавачите.

Во однос на прашањето дали работодавачите вложуваат во обука на своите вработени, со цел зголемување и усовршување на нивните знаења, речиси 87,0% од анкетираните работодавачи одговориле потврдно, а како даватели на обуки работодавачите ги потенцирале обуките спроведени од редот на вработените, односно внатрешни обучувачи. Во однос на големината на работодавачот, податоците од анкетата покажуваат дека големите работодавачи најмногу вложуваат во обука на своите вработени.

Од особено значење за Агенцијата за вработување како јавна установа која обезбедува бесплатни услуги на пазарот на трудот и спроведува активни програми и мерки за вработување за учесниците на пазарот на трудот, е добрата соработка со работодавачите и нивно навремено и редовно информирање.

Работодавачите се задоволни од досегашната соработка со Агенцијата за вработување и ја нагласуваат потребата од нивно редовно информирање за активните програми и мерки за вработување кои Агенцијата за вработување ги спроведува, како и за услуги на пазарот на трудот кои Агенцијата ги обезбедува за работодавачите.

Во однос на прашањето кои услуги би сакале да ги користат работодавачите со поддршка на Агенцијата за вработување, најголем дел од нив ја нагласиле потребата од редовно информирање и советување за измените во законската регулатива од областа на трудот, преку посети, инфо средби и други форми на информирање на работодавачите, како и поддршка и помош при обезбедување на соодветен кадар заради вработување, односно посредување при вработување.

Во однос на активните програми и мерки за вработување, работодавачите пројавиле најголем интерес за мерките од програмата за поддршка за креирање нови работни места, односно субвенционирање на плати и вработување и раст на правни субјекти, како и програмата за практикантство. Токму и овие активни програми/мерки за вработување се најмногу користени од страна на работодавачи.

Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот обезбедува корисни краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Резултатите добиени од анкетното истражување претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за вработување, кои имаат за цел да ги подигнат вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и да придонесат во создавање на

услови за подобро функционирање на истиот, преку вкрстување на понудата и побарувачката од соодветно квалификувана работна сила.

Резултатите од истражувањето се користат и во образовниот систем при конципирање на уписните политики и при креирање на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.

Согласно годишниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, Агенцијата за вработување спроведува голем број обуки за подигање на вештините и квалификациите на невработените лица, заради нивна поуспешна интеграција на пазарот на трудот.

Обуките за побарувани занимања на пазарот на трудот, овозможуваат стекнување знаења за занимања барани на пазарот на труд, утврдени од повеќе извори (податоци за локалниот пазар на труд, податоци од анкетата за потреба од вештини на пазарот на труд, анкети спроведени од страна на организацијата на работодавачи, стопанските комори, единиците на локална самоуправа).

Обуките за побарувани занимања на пазарот на трудот се спроведуваат од страна на верификувани спроведувачи на обуки од Министерство за образование и наука, врз основа на верификувани програми од страна на Центарот за образование на возрасните. Лицата кои успешно ќе ги завршат обуките се стекнуваат со соодветен сертификат пропишан од Министерството за образование и наука.